Република Северна Македонија
Национална установа Центар за култура
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ"
Бр. 02-61/1
15.02.2024 год.

Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19,42/20,74/21 и 215/21, а согласно Решението за распишување на избор за претседател на Република Северна Македонија бр.09-1168/4 од 14.02.2024 година и Решението за распишување избор за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, в.д.директорот на НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп на ден 15.02.2024 година донесе

# РЕШЕНИЕ

За мирување на започната постапка за вработување на уметници на определено време, Јавен оглас бр.01/2024

1. Поради распишаниот избор за претседател на Република Северна Македонија и распишаните избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија започнатата постапка за вработување на 2 (две) лица на определено време (Актер четврта група, шифра КУЛ 0304А06001, категорија А-уметници, ниво А6), Јавен оглас бр.01/2024, СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ.

2. Постапката од точка 1 на ова решение мирува до завршување на постапките за избор на претседател на Република Северна Македонија и избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

3. За продолжување на постапката за вработување на уметници на определено време, НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп ќе донесе посебно решение.

4. Ова решение да се објави на веб страната на НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп.

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп
В.д.директор, Јасмина Мицовска Станкоска

Република Северна Македонија Национална установа Центар за култура "МАРКО ЦЕПЕНКОВ" Прилеп